Барај...







ФОКУС

четврток 3 јануари 2013 Година 2. Број 339

ИГОР ИЛИЕВСКИ, АМБАСАДОРОТ ВО ПРАГА, ОБЈАСНУВА стр. 8

СИ ЗАМИНАВ ПОД ПРИТИСОК

Еден од текстовите за кои весникот „Фокус“ беше тужен од Мијалков

# ЗНМ: Судот во Стразбур пресуди во корист на „Фокус“ во случајот против Сашо Мијалков

06/04/2022 - 8:48 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) соопшти дека Европскиот суд за човекови права во Стразбур пресуди во корист на „Фокус“ во случајот против Сашо Мијалков.

Пресудата доаѓа откако македонските судови одлучија дека уредничката на ,,Фокус” Јадранка Костова и новинарот Владо Апостолов треба да му платат над 9.000 евра штета на ексдиректорот на УБК Сашо Мијалков за изнесена клевета и навреда.

Според пресудата на Стразбур, која беше објавена вчера, правосудните органи во Северна Македонија го прекршиле членот 10 – слобода на изразување од Европската конвенција за човекови права, а на тужителите, уредничката Костова и новинарот Апостолов им е одредена нематеријална штета од 3.000 евра односно 1.250 евра.

Апликацијата беше поднесена во 2016 година, откако новинарите пред домашните судови беа осудени за клевета и навреда на тогашниот директор на УБК, за што му платија штета од над 9000 евра.

Текстовите беа објавени во сега згаснатиот дневен весник „Фокус“, каде што беа пренесени изјави од поранешниот амбасадор на Чешка, Игор Илиевски, кој тврдеше дека бегал од Чешка поради притисоците од Мијалков.

„ЗНМ во 2014 година сметаше дека одлуката на судиите Лидија Димчевска, Станка Зафировска и Енвер Беќети сериозно ја прекршува слободата на изразувањето и ги одвраќа новинарите да пишуваат за евентуални злоупотреби на власта, додека изречените надоместоци за нематеријална штета се превисоки и непропорционални на стандардот на македонските новинари. ЗНМ тогаш апелираше дека судот воведува неприфатлива пракса новинари да се осудат за клевета заради пренесена изјава. Ако новинарите ги проверуваат фактите на секоја изјава, како што бара судот, тогаш најголем дел од изјавите на јавни личности, не треба да се објавуваат“, велат од ЗНМ.







ПОПУЛАРНО


Герила акција - Низ Скопје поставени најчестите дезинформации со поука


Новинарка на СДК.мк повикана во полиција за објавен текст


Младите ја доживуваат состојбата во земјата како „криза, катастрофа и хаос“

Филхармонија со „Реквием за војната“ ја затвора концертната сезона




[Рецензија] Хипнотизирани од вистината - кон тетарската претстава “Пациенти” на Театар Провокација

НОВО ЗА ВАС

LAJME NË GJUHËN SHQIPE


17/05/2022
Снимена мечка како трча низ битолската населба Буковски Ливади

17/05/2022
Младите во Србија можат да се пријават за државна помош од

Во 2014 година, во контекст на овој случај, ЗНМ за помалку од десет дена преку солидарната акција успеа да собере најголем дел од потребните 9.000 евра колку што новинарите на весникот ,,Фокус” требаа да му исплатат на Мијалков за нанесената нематеријална штета.

0 0

## МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА



17/05/2022 0

**Снимена мечка како трча низ битолската населба Буковски Ливади**




17/05/2022 0

**Младите во Србија можат да се пријават за државна помош од 100 евра**



17/05/2022 0

**Секој трет Германец се плаши дека ќе мора да го промени начинот на живот поради брзиот раст на цените**




17/05/2022 0

**Предавања во мај и јуни во склоп на „MAGDA Game Dev 1UP“**




17/05/2022 0

**Изложба „Времеплов“ во Центарот за рехабилитација и ресоцијализација на ХОПС**



16/05/2022 0

**МВР: Го испитуваме постапувањето на полицајците, нема поднесок од МВР против новинарката Делевска**



**100 евра**



17/05/2022

**Секој трет Германец се плаши дека ќе мора да го промени начинот на живот поради брзиот раст на цените**



17/05/2022

**Предавања во мај и јуни во склоп на „MAGDA Game Dev 1UP“**



17/05/2022

**Изложба „Времеплов“ во Центарот за рехабилитација и ресоцијализација на ХОПС**

### РАДИО МОФ НА FACEBOOK

Радио МОФ
27,143 likes

Like Page Share

### РАДИО МОФ НА TWITTER

### РАДИО МОФ НА INSTAGRAM

radiomof